**ИНФОРМАТОР бр.11** Ноември, Декември 2002 и Јануари 2003
Прва детска амбасада во светот - Меѓаши - (ПДАСМ)
Република Македонија - ул. Коста Новаковиќ 22а, 1000 Скопје
Телефон: (389-2)465-316, 465821
факс/телефон: (389-2) 463-900
СОС за деца и млади 466 588
e-mail: first@childrensembassy.org.mk
веб страна: www.childrensembassy.org.mk

Во овој број:
1.Работилници во мултиетнички основни училишта.
2.Новата година во нашето прифатилиште
3.СОС телефон за деца и млади.
4.Детски работилници.
5.Дипломатскиот кор на нашата Амбасада.
6.Учество на интернационални конференции/обуки.

**1.Работилници во мултиетничките основни училишта**

Од октомври, започнавме со имплементација на нашиот проект ,,Работилници во мултиетничките основни училишта за да се подобри разбирањето, толеранцијата и почитта помеѓу децата од различни етнички потекла,,. Овој проект е финансиран од фондацијата "Еднакви во развојот" од Белгија. Нашата идеја е да опфатиме 15 групи на деца во 15 мултиетнички основни училишта во Скопје. Проектот е составен од две компоненти:
-првата, низ интерактивни и игри за развивање на комуникацијата да се запознаат децата со нивните права;
-втората, да се запознаат педагозите во училиштата со новата методологија на учење која што може да го подобри нивното вклучување во цивилното општество.
Координатор на проектот е Реџеп Раими, кој има долгогодишно искуство како наставник во основните училишта и е обучен фацилитатор за детски права.

**2.Новата година во нашето прифатилиште**

Во декември, ние започнавме со подготовките за Новата година за раселените семејства кои сеуште се во нашето прифатилиште. Тие добија прекрасни донации и новогодишни пакетчиња. Децата беа посебно радосни.
Ја користиме оваа можност да се заблагодариме на нашите донатори: Националниот Македонски Хуманитарен Центар, Подравка, Ротари, Ротар АК, Пексим компјутери, Еуро компјутер системи, Алекс ПРОМ, Туристичка агенција АУРОРА, Американската гимназија НОВА, Музичката младина, Крафт-

Нелтко, Репринт, градоначалникот на општина Центар г-ѓа Виолета Аларова, Унијата на жени од општина Кисела вода, СДСМ-младина од Ѓорче Петров, Димитар Гучев, Фонко, Алкалоид, Инфо-проект и телевизија Телма.
Детскиот креативен центар организираше бесплатна кино проекција на филмот "Хери Потер и одајата на тајните", наменета за раселените деца.
Се надеваме дека следната година ќе им донесе повеќе радост, среќа и посоодветно решение за топол дом.

**3.Детски работилници**
Како што спомнавме во минатиот информатор, последните 4 месеци секој работен ден, организираме по две работилници за Англиски, Германски и Француски јазик, уметност, компјутери, математика и екологија. За децата вклучени во работилниците подготвивме Новогодишно изненадување-пакетчиња, донација од Крафт - дистрибутер Нелтко. После зимскиот распуст во февруари работилниците повторно ќе продолжат со работа.

**4.СОС телефон за деца и млади**
После подолго време волонтерска работа, Балканската Фондација за деца и млади го финансира овој проект. Со проектот ќе биде воспоставена нова телефонска линија и ќе се обезбедат подобри услови за работа. Компетенцијата на волонтерите ќе биде подобрена со нови советувања и обуки што ќе влијае на подобрување на услугите за децата и младите во криза. Секоја година СОС подготвува годишен извештај. Резултатите од 2002 покажуваат дека 35% од јавувањата се лични, 25% се семејни, 15% љубовни и остатокот се насилство, здравје, училиште, секс и проблеми со зависностите.
Од јануари работните часови на СОС телефонот се зголемени од 12:00 до 20:00 и координаторот е присутен за директен контакт со јавувачите.

**5.Дипломатската кор на нашата Амбасада**
Во 2002 станаа нови корисници на нашиот Дипломатски пасош и се приклучија на Дипломатскиопт кор, следниве:
В.Е. Жозеф Карл Удо Реиз, Вице конзул во Каишеим во Германија.
В.Е. Др. Сантини Адамо Лодо, Почесен конзул во Милано, Италија.
В.Е. Александар Денеф, Вице конзул во Хаузден, Белгија.
В.Е. Киро Грумето, Вице конзул во Неапол, Италија.
В.Е. Франко Малосо, Вице конзул во Агргуњано, Италија.
Корисниците на овој дипломатски пасош се под закрила на ПДАСМ со седиште во Скопје, како меѓународна, невладина, непрофитна, хуманитарна асоцијација која ги штити детските

права без разлика на нивната религија, раса, етничка припадност и социјална позадина.
Како преставници на децата од целиот свет, нивните права и бенефиции, амбасадата апелира до сите владини тела и организации да им обезбеди на корисниците на овој пасош:

- Слобода на движење и поминување на границите
- Целосна лична заштите.
- Потполно можна асистенција во неговите/нејзините хуманитарни активности.

**6.Учество на интернационални конференции/обуки.**
Од 20 до 22 ноември нашиот Извршен директор и со-основач Драги Змијанац учестуваше на семинарот со тема: Законот за малолетничка правда во законодавството на Република Македонија организирано од Министерството за Правда на Република Македонија и УНИЦЕФ.
Нашиот Технички секретар Славива Тасева од 25 до 29 ноември посетуваше обука за Раководење со проектен циклус, организирана од Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка и фондацијата Менаџмент за развој на фондации од Холандија.
На 13 декември нашиот Извршен директор Драги Змијанац и нашите волонтери од правната служба, Билјана Стојановска и Селена Павловиќ учествуваа на трибуната: Национална стратегија за намалување на сиромаштијата.
На 17 декември Извршниот директор Драги Змијанац и волонтерот Митко Ѓорѓиев учествуваа на трибуната: НВО и даноците за заедничко развојни цели- подобрување на законската даночна регулатива, организирана од МЦМС.
Од 13 до 18 декември Гордана Пирковска Змијанац, нашиот Програмски менаџер и основач учествуваше на 6 фаза од обука та за Тренери за тренери за ненасилна акција во Бечеј, Војводина (Југославија) организирана од Центарот за ненасилна акција од Сараево и Белград.
Нашиот волонтер, Митко Ѓорѓиев учествуваше на обуката за Управување со човекови ресурси, од 18 до 20 декември, организирана од МЦМС - Македонски Центар за Меѓународна Соработка.

Би сакале да ве информираме дека нашите нови веб страни се: www.childrensembassy.org.mk. и www.megjashi.org.mk
и e-mail адреси: first@childrensembassy.org.mk, megjashi@childrensembassy.org.mk i embassy@megjashi.org.mk

Тимот на Првата детска амбасада во светот Меѓаши, го подготви овој Информатор.